Врз основа на член 61 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија"бр. 61/04), министерот за финансии донесува

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на службена легитимација на даночен извршител

( "Службен весник на Република Македонија"бр. 47/05)

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на службената легитимација на даночен извршител (во натамошниот текст: Службена легитимација).

Образецот на службената легитимација е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

### Член 2

Образецот на службената легитимација се печати на бездрвна хартија со сино-бела боја, со димензии 6х9 см, заштитен со пластична фолија.

На предната страна образецот на службената легитимација содржи натпис: Република Македонија, Општина ------------, или Град Скопје, СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА, ДАНОЧЕН ИЗВРШИТЕЛ. На истата страна, во средината, има место за фотографија со димензии 2,5х3 см, а под неа се впишуваат податоци за: името и презимето на даночниот извршител, регистарски број на легитимацијата, потпис на градоначалникот на општината или на градот Скопје и место за печат. Во долниот дел е отпечтен serискиот број на службената легитимација.

Задната страна на образецот на службената легитимација ги содржи грбот на Република Македонија и овластувањата на даночниот извршител согласно Законот за даноците на имот низ кој е втиснат симболот на општината или градот Скопје.

### Член 3

Службената легитимацијата има важност се додека лицето на кое му е издадена има службено својство на даночен извршител.

Даночниот извршител на кој ќе му престане работниот однос во општинската администрација или во администрацијата на градот Скопје или ќ

е му престане службеното својство на даночен извршител ја враќа службената легитимација на општинската администрација или на администрацијата на градот Скопје.

**Член 4**

Во случај на губење на службената легитимација или ако на друг начин се остане без неа, даночниот извршител веднаш ја известува општинската администрација или администрацијата на градот Скопје и ја огласува за неважечка на сопствен трошок.

Градоначалникот на општината или градоначалникот на градот Скопје, во случаите од став 1 на овој член, издава нова легитимација.

**Член 5**

Службената легитимација се заменува со нова кога заради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога имателот на службената легитимација ќе ги промени личните податоци.

**Член 6**

Службената легитимација што се враќа или заменува се поништува.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија .

Република Македонија
ОПШТИНА ---------------------
**ГРАД СКОПЈЕ**

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА
**ДАНОЧЕН ИЗВРШИТЕЛ**

**име и презиме**

**Регистерски број**

**Потпис на градоначалникот** **М.П.**

**Сериски број:**

Предна страна на образецот

**ОВЛАСТУВАЊА**

**Даночниот извршител, со закон е овластен да врши работи на присилна наплата на даночен долг, парични казни и камати и тоа попис и процена на имотот и да врши јавна продажба на предмети**

Задна страна на образецот